Универзитетски гласник

*Издавач*
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје**

*Уредник*
*на издавачката дејност на УКИМ*
**проф. д-р Никола Јанкуловски, ректор**

*Уредник*
*на Универзитетски гласник*
**м-р Марија Маневска, генерален секретар**

*Лектор*
**Весна Илиевска Цветановска**

*Техничко уредување*
**Зоран Кордоски**
**м-р Елизабета Додевска**

**СТАТУТАРНА ОДЛУКА**
за изменување и дополнување на Статутот на Природно-математичкиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Врз основа на член 110, став 1, точка 1 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), член 19, став 1 и член 68, став 1, точка 1 од Статутот на Природно-математичкиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 464/2019), Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 31.5.2021 година, ја донесе следнава

**СТАТУТАРНА ОДЛУКА**
за изменување и дополнување на Статутот на Природно-математичкиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши изменување и дополнување на Статутот на Природно-математичкиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, донесен на седницата на Наставно-научниот совет одржана на 10.9.2019 година и по дадена согласност на седницата на Универзитетскиот сенат одржана на 27.9.2019 година (Универзитетски гласник бр. 464/2019 година).

**Член 2**

По членот 40 се додава нов член 40-а, кој гласи:

„Ботаничка градина

**Член 40-а**

На Факултетот постои Ботаничка градина во рамките на Институтот за биологија.

Во Ботаничката градина се одгледуваат автохтони и алохтони растенија за потребите на наставно-образовниот процес, научноистражувачката и применувачката дејност и заштитата на биолошката разновидност.

Со Ботаничката градина раководи раководителот на Институтот за биологија.“

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 3**

Оваа Статутарна одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување во Универзитетски гласник, а ќе се објави по добивањето согласност од Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

**Д е к а н**
**Проф. д-р Александар Скепаровски, с.р.**